Врз основа на член 20 и член 52 од Статутот на Стопанската комора на Македонија бр.07-1177/6 од 20.04.2011 година, по предлог на Претседателството на постојаниот избран суд – Арбитража врз основа на член 13 од Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража, Собранието на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 15.12.2011, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија

**Член 1**

Во членот 26, по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„Споровите чија вредност на предметот на спорот не надминува 30.000 евра ќе ги решава арбитер-поединец, освен ако странките најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на тужбата до тужениот изречно не се договориле спорот да го решава арбитражен совет“.

Ставот (3), кој станува став (4), се менува и гласи:

„Споровите чија вредност на предметот на спорот надминува 30.000 евра ќе ги решава арбитражен совет, освен ако странките најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на тужбата до тужениот изречно не се договориле спорот да го решава арбитер-поединец“.

**Член 2**

Членот 27 став 1 се менува и гласи:

„Ако спорот го решава арбитер-поединец, странките се должни на секретарот на Постојаниот избран суд – Арбитража да му го достават името на арбитерот“.

**Член 3**

Членот 29 од Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража се брише.

**Член 4**

Во членот 36 став 2 зборовите „Претседателството на Арбитражата“ се заменуваат со зборовите „Претседателот на Арбитражата“.

**Член 5**

Оваа одлука се објавува на огласна табла во Комората и влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

Претседавач,
Антони Пешев

Бр. 07-3479/8
15.12.2011 год.
С к о п ј е

**Образложение**

1.Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража е донесен на седницата на Собранието на Стопанската комора на Македонија, одржана на 20.04.2011 година. Според став (3) од Правилникот, „ако странките најдоцна во рок од 15 дена по доставувањето на тужбата до тужениот не се договориле да се именува арбитер-поединец, спорот го решава совет од тројца арбитри". Изменувањето и дополнувањето на членот 26 е потикнато од потребата за постигнување на побрза и поефикасна арбитражна постапка, како и за намалување на трошоците на постапката.

Предвидувањето на надлежноста на арбитер-поединец за сите спорови во кои вредноста на предметот на спорот не надминува 30.000 евра и надлежноста на арбитражен совет за сите спорови во кои вредноста на предметот на спорот надминува 30.000 евра, освен ако странките не се договорат поинаку, се очекува да придонесе до скратување на времетраењето на постапката и до значително намалување на трошоците на постапката во споровите каде вредноста на спорот не е многу висока, што во крајна линија, е во согласност со интересите на странките во постапката.

2. Поради предложените измени на членот 26, потребно е да се направи усогласување на одредбата од членот 27 од Правилникот, со цел да се регулира постапката на именување на арбитер-поединец во сите ситуации кога спорот го решава арбитер поединец, без оглед дали тоа е врз основа на вредноста на предметот на спорот, или врз основа на согласност на странките.

3. При изработувањето на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража, земени се во предвид решенијата на повеќе реномирани арбитражни институции, помеѓу кои и арбитражата при ICC. Членот 29 од Правилникот гласи – „Кога странките се со различно државјанство (припадност на различни држави), Претседателот на Арбитражата ќе именува арбитер-поединец или Претседател на арбитражниот совет лице со различно државјанство од она на странките, освен ако странките не се спогодиле поинаку".

Од досегашната примена на одредбите на Правилникот се утврди дека наведената одредба не одговара на потребите на арбитражата како метод на решавање на спорови во Република Македонија. Имено, потребата арбитрите кои се именуваат да бидат со различно државјанство од она на странките, би можела да доведе до оддолжување на постапката, и до зголемување на трошоците на постапката, што би значело зголемени финансиски трошоци за странките во постапката.

Од друга страна, не постојат причини за да се доведе во прашање независноста и непристрасноста на арбитрите, ако тие бидат со исто државјанство како некоја од странките, најчесто домашни државјани. Одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража и Етичкиот кодекс на арбитрите пружаат доволна гаранција дека секое лице кое ќе биде именувано за арбитер ќе ја врши својата функција на независен и непристрасен начин. Поради наведеното, се одлучи да се избрише членот 29 од Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража.

4. Во членот 36 став 2 станува збор за исправка. Имено, во членот 7 став 1 точка 2 од Правилникот изречно е предвидено дека Претседателот на Арбитражата одлучува за иземањето на арбитрите. Поради наведеното, потребно е да се направи исправка во наведениот член.